Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

2022

Извадок на дел дневните настани 12.03.2022

На 11.03.2021 околу 21.30 часот во близина на бензиска пумпа и мотел на автопатот кој води од Табановце кон Скопје од полициски службеници од Полициска станица за граничен надзор Сопот лишен е од слобода Б.Е.(35) од Р.Албанија, кој управувал патничко возило „форд мондео", со скопски регистарски ознаки, поради постоење основи на сомнение дека сторил кривично дело „криумчарење на мигранти". Имено, околу 21.15 часот на стариот пат за с.Табановце, на исклучок на земјен пат кој води кон напуштени објекти кон с.Речица, од полициски службеници било забележано дека возилото запрело и од него излегле неколку лица мигранти кои се упатиле кон Табановска Река. По извршено пребарување на теренот, околу 23.30 часот пронајдени се 8 лица мигранти, од кои 5 од Пакистан, 2 лица од Мали и 1 лице од Сомалија. Б.Е. е приведен во полициска станица во СВР Куманово, а по документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок, а лицата мигранти се пренесени во Транзитен центар Табановце за понатамошна постапка.

На 11.03.2022 во 00.20 часот на бул.„Никола Карев" полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода А.Ш.(27) од Скопје, кој управувал патничко моторно возило „ауди", со кичевски регистарски ознаки. При извршен преглед во возилото бил пронајден еден пиштол со ознака „Зораки мод 914". Тој бил приведен и по целосното документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 11.03.2022 во 18.30 часот на Граничниот премин „Долно Блаце", на излез од државата, при извршена гранична проверка било констатирано дека Х.Ј.(32) од Скопје е со мерка „апси" во оперативната евиденција, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело по чл.237 ст.4 од Кривичниот законик. Тој бил лишен од слобода и предаден на полициски службеници за понатамошна постапка.

Одделенијата за криминалистички работи во единиците за внатрешни работи при СВР Скопје, во содејство со вработени во Меѓуопштинскиот центар за социјална работа - Скопје, во текот на изминатата недела ги лишија од слобода Л.А.(32), С.М.(24), Ш.К.(30), Ј.С.(30) и И.М.(33), сите од Скопје, кои биле затекнати заедно со своите малолетни деца при питачење на подрачјето на Скопје. Со нив бил извршен службен разговор и по целосното документирање на случајот против нив ќе следат кривични пријави, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело по чл.201 од Кривичниот законик.

На 11.03.2022 во 17.00 часот било пријавено дека на регионалниот пат Прилеп-Крушево, кај с.Мало Коњари, се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко возило „голф", со прилепски регистарски ознаки, управувано од М.Т.(25) од с.Кадино Село и патничко возило „алфа", со прилепски реистарски ознаки, управувано од Г.З.(49) од Прилеп. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил Г.З. и сопатничка од возилото „голф", Е.С.(24) од с.Кадино Село, а М.Т. се здобила со телесни повреди, констатирани во Општата болница во Прилеп. Извршен бил увид од увидна екипа од Полициската станица Прилеп.

На 11.03.2022, при извршени сообраќајни контроли на подрачјето на СВР Охрид, полициски службеници затекнале и санкционирале 4 возачи во Охрид кои надвор од населено место ја надминале дозволената брзина на движење и 6 возачи во Кичево кои во населено место управувале возило со брзина поголема од дозволената.

На 11.03.2022 во 10.10 часот во Полициската станица Центар, М.Т.(38) од Скопје пријавил дека на ул.„Филип Втори Македонски" бил каснат од куче скитник.

На 11.03.2022 во 17.55 часот било пријавено дека кај поранешниот авто-полигон во Кавадарци, патничко возило „пежо", со кавадречки регистарски ознаки, управувано од С.Б.(42) од Кавадарци, излетало надвор од коловозот. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобила сопатничката Д.Б.(24), а со телесни повреди се здобила сопатничката С.Б.(22), и двете од Кавадарци, констатирани во Општата болница во Кавадарци. Извршен бил увид од увидна екипа од Полициската станица Кавадарци.

На 11.03.2022 во 20.05 часот во Полициската станица Гази Баба, Ј.Ц.С.(28) од Скопје пријавила дека во парк-шума Гази Баба нејзината малолетна ќерка била каснат од куче скитник.

На 11.03.2022 околу 17.00 часот полициски службеници на СВР Тетово ги лишиле од слобода Б.М.(31) и Н.М.(42) од Тетово. Тие се сомничат дека заедно со Ш.Ш.(35), исто така од Тетово, кој беше приведен на 10.03.2022, биле инволвирани во десетина измани, кои од септември минатата до март оваа година биле извршени на тетовско-гостиварското подрачје. По целосно документирање на случајот против нив ќе бидат поднесени соодветни поднесоци.

На 11.03.2022 во 21.50 часот на подрачјето на Карпош од полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје бил лишен од слобода Е.Р.(23) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена марихуана. По целосно документирање на случајот против него ќе биде изготвен соодветен поднесок.

ОВР Гостивар поднесе кривична пријава против Ќ.Е.(71) од с.Добридол, поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело „вршење на јавен превоз без поседување лиценца". На 27.12.2021 на ул.„Живко Брајковски", пред средно општинско училиште во Гостивар, при проверка на документација на пријавениот, кој бил такси превозник со патничко возило „форд транзит", негова сопственост, било констатирано дека врши јавен превоз без поседување на соодветна лиценца за вршење на дејноста издадена од надлежна институција.

На 11.03.2022 околу 23.35 часот, полициски службеници на СВР Тетово во Тетово го лишиле од слобода С.С.(30) од Тетово, кој претходно во семејниот дом се однесувал агресивно кон членовите на семејството. Се преземаат мерки за расчистување и документирање на случајот.

СВР Куманово поднесе кривична пријава против Р.А.(48), поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело „непостапување според здравствени прописи за време на епидемија". На 14.03.2021 полициски службеници го затекнале како се движи без да поседува дозвола за движење за време на забрана за движење.

На 11.03.2022 во 23.20 часот Е.Д.Н.(32) од Скопје пријавила дека околу 19.10 часот на подрачјето на Гази Баба, по претходно недоразбирање, била физички нападната од Г.Н.(44) од Скопје. Малку подоцна, во 00.40 часот (12.03.2022) В.Ѓ.(42) од Скопје пријавил дека на 11.03.2022 околу 20.15 часот на подрачјето на Аеродром бил нападнат со тврд предмет од Г.Н.. Според пријавеното, причина за физичкиот напад биле несогласувања околу работата. Се работи на расчистување на случајот.

На 11.03.2022 во 21.05 часот во СВР Тетово пријавено е дека во гостиварски Добридол настанал пожар во куќа, сопственост на Б.А.(48), при што била опожарена една просторија и дел од покривот. Пожарот бил изгаснат, повредени лица нема, а увид извршила екипа на ОВР Гостивар.

На 11.03.2022 во 03.00 часот на локален пат за с.Габревци, општина Конче, во близина на крстосницата кон с.Конче, с.Ракитец и брана Мантово, од полициски службеници од Полициската станица Радовиш во патничко возило „санг јонг", без регистарски ознаки, биле пронајдени 9 лица мигранти, од кои пет од Индија и четири од Пакистан. Се преземаат мерки за пронаоѓање на возачот и целосно расчистување на случајот.

На 11.03.2022 околу 21.20 часот, полициски службеници на СВР Тетово - ОВР Гостивар го лишиле од слобода 48-годишниот Ц.Ј. од гостиварско, кој физички ја нападнал неговата 51-годишна сестра. По документирање на случајот против Ц.Ј. ќе следува поднесок.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Кичево поднесе кривични пријави против Е.П.(27), А.П.(57) и Н.М.(39), сите од Кичево, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори", а за Н.М. и поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „спречување на докажување" и „спречување службено лице во вршење на службени дејствија". На 04.03.2022 при претрес во дом и други простории, сопственост на првопријавениот во Кичево, Н.М. го искористила моментот да уништи подготвени опаковки со кокаин, фрлајќи ги во шпорет на дрва. Покрај ова, при претресот биле пронајдени и одземени дигитална вага, а во непосредна близина на куќата бил пронајден кокаин.

На 12.03.2022 во 07.40 часот Б.Б.(21) од с.Буково пријавил дека околу 05.45 часот, во пекарница во Битола, тој и неговите двајца другари биле физички нападнати од неколку лица. Се работи на расчистување на случајот.

На 11.03.2022 во рамки на засилената акциска контрола на територијата на државата за санкционирање на возила кои се движат со брзина поголема од дозволената, биле санкционирани 303 возачи. Од нив 13 возила се движеле со брзина над 50 километри на час повеќе од дозволеното, три возила се движеле со дури над 70 километри на час повеќе од дозволената брзина. Притоа, 155 возачи ја пречекориле брзината во населено место, а 148 надвор од населено место.

На 12.03.2022 во 06.50 часот било пријавено дека на регионален пат кај с.Јосифово, валандовско, патничко возило „пежо", со струмички регистарски ознаки, управувано од И.К.(31) од с.Раброво, валандовско, излетало надвор од коловозот. Во несреќата, со тешки телесни повреди се здобил сопатникот И.М.(32) од Валандово, а со телесни повреди се здобил сопатникот П.П.(25) од Гевгелија, констатирани во Општата болница во Гевгелија. Извршен бил увид од увидна екипа од Полициската станица Валандово.

На 11.03.2022 во 12.30 часот било пријавено дека во двор од основно училиште во Велес, Р.Ј.(42) од Велес, како вработен во фирма за одржување, додека работел во кругот на училиштето, бил физички нападнат од Р.С.(25) од Велес. По целосно документирање на случајот против Р.С. ќе следи соодветен поднеок.

На 11.03.2022 во 17.30 часот во Полициската станица Карпош од Меѓуопштински центар за социјална работа било пријавено дека нивниот штитеник Р.М.(14) самоволно се оддалечил од домот. Тој и претходно се оддалечувал и бил враќан назад. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

На 11.03.2022 во 18.30 часот на подрачјето на Чаир од полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје бил лишен од слобода К.О.(26) од Скопје. Тој околу 12.20 часот на подрачјето на Чаир, по меѓусебно недоразбирање, физички го нападнал А.К.(36) од Скопје, му се заканувал со остар предмет и испукал од огнено оружје, при што никој не бил повреден. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 11.03.2022 околу 22.00 часот полициски службеници на СВР Тетово го лишиле од слобода 31-годишниот Р.Б. од тетовско, кој претходно физички ја нападнал неговата 19-годишна невенчана сопруга. Тој е задржан во Полициската станица Тетово и по документирање на случајот ќе му биде изготвен соодветен поднесок.

На 12.03.2022 во 04.15 часот М.П.(43) од с.Марино, скопско, пријавил дека настанал пожар во неговиот угостителски објект во нас.Илинден, а било скршено и стаклото од влезната врата. Пожарот, во кој биле опожарени неколку парчиња инвентар, бил изгаснат, а повредени лица нема. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје и се работи на расчистување на случајот.

На 11.03.2022 во 19.50 часот било пријавено дека во Неготино, во трафика, едно лице со закана од вработената одзело пари. Се работи на расчистување на случајот.